




МАКЕДОНИЈА

# Едно лице загина, две се повредени синоќа во престрелка во Чаир

360степени | 11 февруари, 2025 10:12




**Инцидентот се случил помеѓу две групи на паркинг во Чаир поради претходно недоразбирање во сообраќајот**

**Во врска со случајот, полицијата приведе неколку лица**

Едно лице загина, а две се повредени во престрелка што синоќа околу полноќ се случила во скопски Чаир.




Инцидентот се случил помеѓу две групи на паркинг во Чаир поради претходно недоразбирање во сообраќајот.

Според МВР, на Клиниката по хируршки болести „Свети Наум Охридски“ во Скопје синоќа биле донесени две лица на возраст од 35 години со повреди од огнено оружје, кои учествувале во пукањето. На повредите им подлегнал Х.Б. од Скопје, а над А.Д., исто така од Скопје, била извршена интервенција и бил задржан на лекување. Со повреди од огнено оружје се здобил и Н.Д. кој бил пренесен на комплексот клиники „Мајка Тереза“ во Скопје.

Во врска со случајот, полицијата приведе неколку лица.

> **„По преземени мерки, а поради сомнение дека учествувале во престрелката, полициски службеници од СВР Скопје околу 1:40 часот во болницата го лишиле од слобода Б.Б. (39) од Скопје, на подрачјето на Чаир го лишиле од слобода Н.Д. (22) од Скопје, додека подоцна биле пронајдени и лишени од слобода Р.Р. (41) и К.Т. (28), двајцата од Скопје. Лицата биле задржани во полициска станица“,**
>
> информираат од МВР.

По целосно расчистување и документирање на случајот, ќе бидат поднесени соодветни пријави.

СПОДЕЛИ






Последни новости


ОЈО Скопје обезбеди докази и нареди...
11 ФЕВРУАРИ, 2025


Хамас му порача на Трамп: Заканувачкиот...
11 ФЕВРУАРИ, 2025


Едно лице загина, две се повредени...
11 ФЕВРУАРИ, 2025


Нови земјотреси на Санторини утрово –...
11 ФЕВРУАРИ, 2025


(ВИДЕО) Ново издание на 360°: Секој...
11 ФЕВРУАРИ, 2025



©2025 360 степени, Сите права се задржани